

***Пишува Мане ЈАКОВЛЕСКИ, претседавач на Унијата на ветерани на ВМРО-ДПМНЕ***

Недостојна Данела Арсовска, Јас не ти поставувам ниту едно прашање, затоа што бегаш од одговори, а бегаш од одговори бидејќи немаш аргументи. За тебе молчењето е златно правило.

Иако се сомневав дека нема долго да издржиш со тоа што грлато го ветуваше (имам сведоци на кои им велев) животното искуство проработи кај мене: Чуствував ќе ни го свртиш грбот, искрен да бидам не си прва, го молам Бога последна да си.

Вџашен бев од твојата реторика на говорницата на Советот на Град Скопје од сесија на советнички прашања.

Данела Арсовска, Ние, ветераните на ВМРО-ДПМНЕ, на чело со нашиот почитуван претседател проф.д-р Христијан Мицкоски кого го навредуваш, бевме покрај тебе на сите средби со граѓаните, помагавме да станиш градоначалник и заедно успеавме во тоа: Данела Арсовска стана градоначалник на Градот Скопје. Ама, до таму ли беше, толку ли беше?

Данела, за твоја информација, претседателот Христијан Мицкоски ја има нашата безусловна поддршка. И не само од нас ветераните, поддршката ја има од целото наше членство и сите свесни граѓани во НАШАВА СВЕТА ТАТКОВИНА МАКЕДОНИЈА, затоа што е искрен и поштен и што е најважно не научил да лаже како што лажеш ТИ Данела.

ТИ, Данела, ниту една година не додржа достојна на тоа што им го ветуваше на Скопјани. Не си започнала ниту еден од проектите кои ги вети пред нецела година, Скопјани станаа жртва на твоите лични интереси. Итно нешто треба да се смени!

Мислиш, стана градоначалник и толку? Мислиш никој ништо сега не ти може? Се лажеш Данела Арсовска: Секаде каде ќе те сретнат Ветераните ќе те плукаат и ќе те проколнуваат, ти свесно влезе во групата антимакедонци, и да знаеш кога тогаш ќе си ја платиш сметката.

Секој сметката си ја платќа. Правдата забавува, но не се заборава, а предавствата немаат рок, тие никогаш не застаруваат! Ако не Ние, тогаш Господ Бог враќа!

16 септември 2022 лето Господово, Скопје, Република Македонија